**Управниот одбор на Македонската тениска федерација** на својата седница одржана на ден 02.04.2018 година, ја донесе следната:

МАКЕДОНСКА ТЕНИСКА ФЕДЕРАЦИЈА
Бр. 0202-24-6
02.04 2018 год.

# ОДЛУКА

## За определување на Критериумите за доделување на Тенис Европа јуниорските турнири до 12,14 и 16 години на ИТФ Јуниорските турнири до 18 години и ИТФ Ветерански Турнири

### Член 1

**Квалитетни терени со одобрени подлоги од страна на ИТФ.** Согласно ИТФ и Тенис Европа минималните стандарди за организација на мегународни турнири, клубот организатор треба да поседува:

- 64 жреб, потребни се минимум 8 терени идеално е 10 терени,
- 48 жреб,потребни се минимум 6 терени, идеално е 7 терени ,
- 32 жреб, потребни се минимум 4 терени, идеално е 5 терени.

За Ветеранските ИТФ турнири потребни се минимум 4 терени, идеално е 5-6 терени.

### Член 2

Согласно ИТФ и Тенис Европа минималните стандарди за организација на мегународни турнири потребно е клубот да ангажира следен тип на стручен кадар, за време на организација на турнирите:

- Доктор на повик, кој активно го користи Англискиот Јазик,
- Физиотерапевт (доктор) на лице место, кој активно го користи Англискиот Јазик,
- Потребен неопходен персонал за одржување на терените,
- Плетач на жици (шпанер), на лице место или на повик.

### Член 3

Согласно ИТФ и Тенис Европа минималните стандарди за организација на мегународни турнири потребно е клубот да ја поседува следната опрема и помошни објекти:

- Судиски столчиња на терените и Рачни Семафори за резултат,
- Потребно светло на терените од минимум 500 лукса,
- Канцеларија за Судиите со потребна опрема(телефон,Фотокопир,Микрофон...),
- Безжичен, брз интернет за играчите и останатите, без да се наплаќа,
- Потребен број на соблекувални, тоалети и туш кабини,
- Ресторан и кафе бар на лице место,
- Вода неминерална флаширана за играчите

### Член 4

Согласно ИТФ и Тенис Европа минималните стандарди за организација на мегународни турнири, доколку турнирите се играат на две локации, за помошната локација важат сите одредби од Член 2 и Член 3 на оваа одлука.

Задолжително се презентира склучен договор за користење на ВТОРАТА ЛОКАЦИЈА

Ангажирање на Судии и помошници на судиите и за втората локација.

Клубот организатор е должен да обезбеди бесплатен транспорт за сите официјални лица, тренери и натпреварувачи до втората локација, како и враќање назад.

**Член 5**

Предходно искуство и висока оцена за организација на предходен мегународен настан ќе биде земено во предвид во разгледување на апликацијата..

**Член 6**

Да нема заостанати обврски кон МТФ во моментот на аплицирање за организација на турнири.

**Член 7**

Високо квалитетна организација на турнири од Официјален Календар за натпреварување на МТФ.

**Член 8**

Подготовка на безбедносен план за време на организација на турнирот, доколку ги побара ИТФ или Теннис Европа.

**Член 9**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува започнувајќи од натпреварувачката 2019 година.

**Македонска Тениска Федерација**
Претседател на Управниот Одбор
Жарко Луковски

МАКЕДОНСКА ТЕНИСКА ФЕДЕРАЦИЈА
СКОПЈЕ

Скопје, 02.04.2018 година